# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

## 1.ВОВЕД

Постапка за изготвување на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија,** е покрената по барање на Општина Гевгелија.

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на планот. Со анализа на просторот во граница на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост, па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд и корисници) од страна на стручна екипа на извршителот;
- Податоци добиени од комуналните служби;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Документационата основа содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Постојна состојба на население;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со комплементарни и компатибилни намени на основната класа на намена, дефинирани со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец, имајќи ги во предвид Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26), приоритетните погодности и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Останати цели за изготвување на овој ДУП се уредување и организирање на просторот преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- почитување на безбедноста во сообраќајот,

- дефинирање на рационална сообраќајната (секундарна) инфраструктура-улична мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште
- почитување на јавниот интерес,
- почитување на соседското право,
- оформување на амбиентални целини,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување на културен пејсаж,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- почитување и подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидност,
- вградување на заштитни мерки,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- предвидување мерки за заштита и спасување.

## 1.1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ СОСЕДНИ ПРОСТОРИ

Просторот дефиниран за изработка на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Гевгелија сместен во северо-западниот дел на градот.

Локалитетот преставува дел од речиси неизградена структура и се наоѓа на ≈ 2,0 км од централното градско јадро.

Планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија** е дефиниран со следните граници:

- На ***север*** границата се протега по осовината на собирна улица ул.„Новопланирана 1“ и сервисна улица „СЕ-7“;

- На ***исток*** границата се протега по осовината на сервисна улица „СЕ-9“ и пешачка патека „ПП-1“;

- На ***југ*** границата се протега по осовината на собирна улица ул.„Новопланирана 1“ и сервисна улица „СЕ-6“;

- На ***запад*** границата се протега по границата на ГУП на град Гевгелија;

Според опишаните граници површина на планскиот опфат изнесува:

- **вкупната површина на границата за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 изнесува 13.19ха**, од кои 1.59ха припаѓаат во граници на Блок 15.12, 3.82ха припаѓаат во граници на Блок 15.13 и 7.78ха припаѓаат во граници на Блок 15.16 за кои се предвидува разработка на ниво на Генерален урбанистички план.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

**Површина: 131898.8582m²**

**Периметар: 2491.8683m**

- ТОЧКА 1: X = 4556288.9034, Y = 7624917.5541;
- ПРЕКРШУВАЊЕ: 0.0008;
- ЦЕНТАР: X = 4555084.9864, Y = 7624931.6895;
- РАДИУС: 1204.0000;
- ПОЧЕТЕН АГОЛ: 91;
- КРАЕН АГОЛ: 91;
- ТОЧКА 2: X = 4556288.8486, Y = 7624913.4713;
- ПРЕКРШУВАЊЕ: 0.0518;
- ЦЕНТАР: X = 4555685.9176, Y = 7624922.5955;
- РАДИУС: 603.0000;
- ПОЧЕТЕН АГОЛ: 91;
- КРАЕН АГОЛ: 103;
- ТОЧКА 3: X = 4556274.1140, Y = 7624789.8024;
- ТОЧКА 4: X = 4556251.5044, Y = 7624689.6551;
- ПРЕКРШУВАЊЕ: 0.2046;
- ЦЕНТАР: X = 4556104.4086, Y = 7624899.4809;
- РАДИУС: 256.2500;
- ПОЧЕТЕН АГОЛ: 145;
- КРАЕН АГОЛ: 191;
- ТОЧКА 5: X = 4556054.5715, Y = 7624648.1239;
- ПРЕКРШУВАЊЕ: 0.0481;
- ЦЕНТАР: X = 4556104.4086, Y = 7624899.4809;
- РАДИУС: 256.2500;
- ПОЧЕТЕН АГОЛ: 191;
- КРАЕН АГОЛ: 202;
- ТОЧКА 6: X = 4556007.4652, Y = 7624662.2762;
- ТОЧКА 7: X = 4555935.2259, Y = 7624691.7997;
- ТОЧКА 8: X = 4555932.1200, Y = 7624684.2000;
- ТОЧКА 9: X = 4555942.7200, Y = 7624680.1100;
- ТОЧКА 10: X = 4555957.1400, Y = 7624672.5100;
- ТОЧКА 11: X = 4555968.3500, Y = 7624664.6500;
- ТОЧКА 12: X = 4555980.3800, Y = 7624652.3900;
- ТОЧКА 13: X = 4555987.7900, Y = 7624638.2200;
- ТОЧКА 14: X = 4555997.5700, Y = 7624618.8700;
- ТОЧКА 15: X = 4556000.0000, Y = 7624614.6200;
- ТОЧКА 16: X = 4556011.9800, Y = 7624594.8500;
- ТОЧКА 17: X = 4556034.3100, Y = 7624554.0200;
- ТОЧКА 18: X = 4556041.0952, Y = 7624541.6134;
- ТОЧКА 19: X = 4556042.1092, Y = 7624539.7594;
- ТОЧКА 20: X = 4556044.9900, Y = 7624539.4500;
- ТОЧКА 21: X = 4556056.9100, Y = 7624538.1700;
- ТОЧКА 22: X = 4556057.2800, Y = 7624537.6300;
- ТОЧКА 23: X = 4556064.2400, Y = 7624539.5100;
- ТОЧКА 24: X = 4556068.6900, Y = 7624540.1700;
- ТОЧКА 25: X = 4556079.7700, Y = 7624540.6400;
- ТОЧКА 26: X = 4556091.7500, Y = 7624540.1900;
- ТОЧКА 27: X = 4556115.7000, Y = 7624538.0700;

- ТОЧКА 28: X = 4556124.0300, Y = 7624537.6400;
- ТОЧКА 29: X = 4556126.5700, Y = 7624538.1900;
- ТОЧКА 30: X = 4556127.3700, Y = 7624532.3600;
- ТОЧКА 31: X = 4556143.2800, Y = 7624442.9700;
- ТОЧКА 32: X = 4556151.1800, Y = 7624444.6600;
- ТОЧКА 33: X = 4556200.5000, Y = 7624451.3600;
- ТОЧКА 34: X = 4556203.2227, Y = 7624451.7299;
- ТОЧКА 35: X = 4556216.1848, Y = 7624455.9539;
- ТОЧКА 36: X = 4556218.6706, Y = 7624456.7639;
- ТОЧКА 37: X = 4556457.5153, Y = 7624534.5972;
- ТОЧКА 38: X = 4556469.2800, Y = 7624551.3365;
- ТОЧКА 39: X = 4556467.2810, Y = 7624552.7867;
- ТОЧКА 40: X = 4556465.3072, Y = 7624554.2711;
- ТОЧКА 41: X = 4556463.3593, Y = 7624555.7891;
- ТОЧКА 42: X = 4556461.4377, Y = 7624557.3404;
- ТОЧКА 43: X = 4556459.5431, Y = 7624558.9246;
- ТОЧКА 44: X = 4556457.6760, Y = 7624560.5410;
- ТОЧКА 45: X = 4556455.8369, Y = 7624562.1893;
- ТОЧКА 46: X = 4556454.0265, Y = 7624563.8690;
- ТОЧКА 47: X = 4556452.2452, Y = 7624565.5795;
- ТОЧКА 48: X = 4556450.4935, Y = 7624567.3204;
- ТОЧКА 49: X = 4556448.7720, Y = 7624569.0912;
- ТОЧКА 50: X = 4556447.0813, Y = 7624570.8913;
- ТОЧКА 51: X = 4556445.4217, Y = 7624572.7202;
- ТОЧКА 52: X = 4556443.7938, Y = 7624574.5773;
- ТОЧКА 53: X = 4556442.1981, Y = 7624576.4622;
- ТОЧКА 54: X = 4556440.6350, Y = 7624578.3742;
- ТОЧКА 55: X = 4556439.1050, Y = 7624580.3128;
- ТОЧКА 56: X = 4556437.6085, Y = 7624582.2774;
- ТОЧКА 57: X = 4556436.1460, Y = 7624584.2674;
- ТОЧКА 58: X = 4556434.7180, Y = 7624586.2823;
- ТОЧКА 59: X = 4556433.3248, Y = 7624588.3214;
- ТОЧКА 60: X = 4556431.9668, Y = 7624590.3842;
- ТОЧКА 61: X = 4556430.6446, Y = 7624592.4700;
- ТОЧКА 62: X = 4556429.3583, Y = 7624594.5782;
- ТОЧКА 63: X = 4556428.1085, Y = 7624596.7082;
- ТОЧКА 64: X = 4556426.8955, Y = 7624598.8594;
- ТОЧКА 65: X = 4556425.7196, Y = 7624601.0311;
- ТОЧКА 66: X = 4556424.5813, Y = 7624603.2227;
- ТОЧКА 67: X = 4556423.4808, Y = 7624605.4336;
- ТОЧКА 68: X = 4556405.6338, Y = 7624642.0729;
- ТОЧКА 69: X = 4556404.3646, Y = 7624644.6732;
- ТОЧКА 70: X = 4556402.6612, Y = 7624648.1349;
- ТОЧКА 71: X = 4556400.9467, Y = 7624651.5910;
- ТОЧКА 72: X = 4556399.2212, Y = 7624655.0417;
- ТОЧКА 73: X = 4556397.9187, Y = 7624657.6255;
- ТОЧКА 74: X = 4556396.6395, Y = 7624660.1529;
- ТОЧКА 75: X = 4556395.3860, Y = 7624662.6108;
- ТОЧКА 76: X = 4556394.4495, Y = 7624664.4399;
- ТОЧКА 77: X = 4556393.5098, Y = 7624666.2674;
- ТОЧКА 78: X = 4556392.5670, Y = 7624668.0933;
- ТОЧКА 79: X = 4556391.6210, Y = 7624669.9175;
- ТОЧКА 80: X = 4556390.6720, Y = 7624671.7402;

- ТОЧКА 81: X = 4556389.7198, Y = 7624673.5612;
- ТОЧКА 82: X = 4556388.7646, Y = 7624675.3806;
- ТОЧКА 83: X = 4556387.8062, Y = 7624677.1984;
- ТОЧКА 84: X = 4556386.8447, Y = 7624679.0145;
- ТОЧКА 85: X = 4556385.8801, Y = 7624680.8290;
- ТОЧКА 86: X = 4556385.8229, Y = 7624680.9363;
- ТОЧКА 87: X = 4556364.8065, Y = 7624720.3788;
- ТОЧКА 88: X = 4556360.9388, Y = 7624727.6374;
- ТОЧКА 89: X = 4556336.6400, Y = 7624773.2400;
- ТОЧКА 90: X = 4556331.5307, Y = 7624782.8288;
- ТОЧКА 91: X = 4556332.7890, Y = 7624785.3212;
- ТОЧКА 92: X = 4556334.0108, Y = 7624787.8317;
- ТОЧКА 93: X = 4556334.9338, Y = 7624789.7666;
- ТОЧКА 94: X = 4556335.8405, Y = 7624791.7092;
- ТОЧКА 95: X = 4556336.7308, Y = 7624793.6593;
- ТОЧКА 96: X = 4556337.6048, Y = 7624795.6168;
- ТОЧКА 97: X = 4556338.4622, Y = 7624797.5816;
- ТОЧКА 98: X = 4556339.3032, Y = 7624799.5535;
- ТОЧКА 99: X = 4556340.1275, Y = 7624801.5324;
- ТОЧКА 100: X = 4556340.9353, Y = 7624803.5182;
- ТОЧКА 101: X = 4556341.7263, Y = 7624805.5106;
- ТОЧКА 102: X = 4556342.5006, Y = 7624807.5097;
- ТОЧКА 103: X = 4556343.2580, Y = 7624809.5151;
- ТОЧКА 104: X = 4556343.9986, Y = 7624811.5269;
- ТОЧКА 105: X = 4556344.7223, Y = 7624813.5448;
- ТОЧКА 106: X = 4556345.7176, Y = 7624816.3954;
- ТОЧКА 107: X = 4556346.5944, Y = 7624819.0322;
- ТОЧКА 108: X = 4556347.2791, Y = 7624821.1473;
- ТОЧКА 109: X = 4556347.9454, Y = 7624823.2682;
- ТОЧКА 110: X = 4556348.5931, Y = 7624825.3949;
- ТОЧКА 111: X = 4556349.2224, Y = 7624827.5271;
- ТОЧКА 112: X = 4556349.8330, Y = 7624829.6647;
- ТОЧКА 113: X = 4556350.4250, Y = 7624831.8076;
- ТОЧКА 114: X = 4556350.9983, Y = 7624833.9555;
- ТОЧКА 115: X = 4556361.6000, Y = 7624874.3800;
- ТОЧКА 116: X = 4556374.5398, Y = 7624923.7196;
- ТОЧКА 117: X = 4556387.5744, Y = 7624973.4207;
- ТОЧКА 118: X = 4556407.0601, Y = 7625047.7201;
- ТОЧКА 119: X = 4556408.3811, Y = 7625052.7574;
- ТОЧКА 120: X = 4556408.9968, Y = 7625055.0682;
- ТОЧКА 121: X = 4556409.6304, Y = 7625057.3742;
- ТОЧКА 122: X = 4556410.2820, Y = 7625059.6751;
- ТОЧКА 123: X = 4556410.9514, Y = 7625061.9709;
- ТОЧКА 124: X = 4556411.6388, Y = 7625064.2615;
- ТОЧКА 125: X = 4556412.3270, Y = 7625066.4927;
- ТОЧКА 126: X = 4556413.0322, Y = 7625068.7186;
- ТОЧКА 127: X = 4556413.7543, Y = 7625070.9391;
- ТОЧКА 128: X = 4556414.4933, Y = 7625073.1541;
- ТОЧКА 129: X = 4556415.2324, Y = 7625075.3153;
- ТОЧКА 130: X = 4556415.9876, Y = 7625077.4709;
- ТОЧКА 131: X = 4556416.7588, Y = 7625079.6208;
- ТОЧКА 132: X = 4556427.9774, Y = 7625110.5344;
- ТОЧКА 133: X = 4556431.9121, Y = 7625121.3765;

- ТОЧКА 134: X = 4556443.3947, Y = 7625153.0174;
- ТОЧКА 135: X = 4556452.6811, Y = 7625178.6067;
- ТОЧКА 136: X = 4556383.9348, Y = 7625223.5073;
- ТОЧКА 137: X = 4556381.1900, Y = 7625225.3000;
- ТОЧКА 138: X = 4556365.1300, Y = 7625235.4600;
- ТОЧКА 139: X = 4556348.1000, Y = 7625246.2400;
- ТОЧКА 140: X = 4556340.6900, Y = 7625250.0000;
- ТОЧКА 141: X = 4556328.3700, Y = 7625254.7600;
- ТОЧКА 142: X = 4556323.5900, Y = 7625250.0000;
- ТОЧКА 143: X = 4556305.5100, Y = 7625231.9800;
- ТОЧКА 144: X = 4556293.4200, Y = 7625216.1900;
- ТОЧКА 145: X = 4556288.2082, Y = 7625209.3832;
- ТОЧКА 146: X = 4556276.4622, Y = 7625211.9515;
- ПРЕКРШУВАЊЕ: -0.0937;
- ЦЕНТАР: X = 4556513.8539, Y = 7625160.0459;
- РАДИУС: 243.0000;
- ПОЧЕТЕН АГОЛ: 282;
- КРАЕН АГОЛ: 261;
- ТОЧКА 147: X = 4556273.8990, Y = 7625121.6972;
- ПРЕКРШУВАЊЕ: 0.0426;
- ЦЕНТАР: X = 4555084.9864, Y = 7624931.6895;
- РАДИУС: 1204.0000;
- ПОЧЕТЕН АГОЛ: 81;
- КРАЕН АГОЛ: 91;

## 1.2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО НА ПЛАНИРАЊЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДРУГИ РАЗВОЈНИ ДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ НА РАЗВОЈ

За град Гевгелија изработен е и усвоен **Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување за плански период од 2011-2021 година** (*одлука бр.07-1436/1 од 16.07.2012 год.).* Границата на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* е третирана со предходниот Генерален урбанистички план и е дел од Блок 15.

Согласно **Регулациски план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021, за блок 15, Општина Гевгелија (плански период 2020-2021)**, усвоен со одлука број 09-762/1 од 30.04.2020 година, просторот опфатен во границите на планскиот опфат во оваа обединета постапка на ГУП и ДУП е нумериран како **Блок 15.12** со површина од 1.59ха, **Блок 15.13** со површина од 3.82ха и **Блок 15.16** со површина од 7.78ха.

Од просторните услови произлезени од даденостите на постојната состојба и потребите за подобар и пофункционален просторен развој, произлегува потребата за ревидирање, измена и дополнување на генералниот урбанистички план. Измената и дополнувањето на генералниот урбанистички план е предмет на разработка во планската документација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија*. Постапката за **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за*

*град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* се изработува за плански период од 2024 до 2034 година.

Границата на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* е опфатена со следната важечка планска документација:

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување за плански период од 2011-2021 година (одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 год.);
- Регулациски план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021, за блок 15, Општина Гевгелија (Плански период 2020-2021) (Одлука бр. 09-762/1 од 30.04.2020год.);

Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување за плански период од 2011-2021 година, Регулацискиот план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021, за блок 15, Општина Гевгелија (плански период 2020-2021), инвентаризацијата на постојна состојба и Планската програма за обединетата постапка за измена и дополнување на генерален урбанистички план и донесување на детален урбанистички план одобрена со потврда број 11-710/4 од 13.11.2024 година, ќе бидат платформа за изработка на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија*.

Земјиштето во границите на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* во најголем дел е неизградено, од каде и потребата за планирање и урбанизирање на овој дел од градот. Податоците добиени во ажурираната геодетска подлога и увидот на лице место ќе се сметаат како постојна состојба.

Во границата на планскиот опфат, намени планирани со **Регулациски план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021, за блок 15, Општина Гевгелија**, плански период 2020-2021 (*одлука бр. 09-762/1 од 30.04.2020год.*) се:

**<u>БЛОК 15.12:</u>**

- Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- М (А, Б, В) – МЕШОВИТА НАМЕНА (А – ДОМУВАЊЕ, Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ), В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Е1 – КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ, КАНАЛИ)

**<u>БЛОК 15.13:</u>**

- Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- В5 – ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Е1 – КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ, КАНАЛИ)

**<u>БЛОК 15.16:</u>**

- А1 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- В1 – ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
- Е1 – КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ, КАНАЛИ)

Во границите на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* се планираат следните класи на намени:

**А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ**

**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

**В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**

**Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**

**Е – ИНФРАСТРУКТУРА**

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните, согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26).

## 1.3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Границата на планскиот опфат на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* е опфатена со следната важечка планска документација:

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување за плански период од 2011-2021 година (одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 год.);
- Регулациски план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021, за блок 15, Општина Гевгелија (Плански период 2020-2021) (Одлука бр. 09-762/1 од 30.04.2020год.);

## 1.4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

За регулирање и дефинирање на планската докуметација на **Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15)** од *Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16 во обединета постапка, Општина Гевгелија* изработена е студија за регулирање на речното корито на канал Рауљ, односно **Хидролошка студија за определување на големи води на крак од канал Рауљ во границите на ГУП на град Гевгелија, Општина Гевгелија** со технички број 061/2025-ХС, одобрена со решение број 11-1785/2 од 19.05.2025

година од Сектор за води, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање и одлука на Совет на Општина Гевгелија број 09-898/1 од 04.06.2025 година.

На барање на ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија изработен е **Елаборат за одредување на заштитни зони околу водозафатни објекти – бунари за водоснабдување на Гевгелија и околината со технички број 09-211 од јануари 2015 година** одобрен од Сектор за води, од Управа за животна средина при Министество за животна средина и просторно планирање, согласно допис број 11-5919/9 од 16.12.2019 година. Изработувачи на елаборатот се ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија и Градежен институт "Македонија" АД – Скопје.

## 1.5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: геолошките, геомеханичките, педолошките, геофизичките, сеизмичките, хидрометеоролошките, хидролошките, климатските, географските, шумарските, еколошките, податоци за заштитените природни блага и други податоци за природните чинители.

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

### 1.5.1 ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Гевгелија се наоѓа во Гевгелиско - Валандовската Котлина, на 41° 8' и 41° 25' северна географска ширина и 22° 20' и 22° 35' источна географска должина. Таа го зафаќа најјужниот дел на Република Македонија, од двете страни на реката Вардар. Целокупната површина на која се простира Општина Гевгелија е 485км². Според апсолутната надморска височина, Општина Гевгелија е една од најниските општини во Република Македонија со 64 м н.д., додека највисока точка е врвот Зелен Брег, на Кожуф Планина, со н.в. до 2.167 м.

Од источната страна Гевгелиско-Валандовската Котлина ја заградуваат појасите на планината Беласица, што се простира на север сè до планината Плауш и заедно со неа ја одделуваат од Струмичката Котлина. На запад се протегаат појасите на Кожуф и Пајак планина чии височини донекаде го запираат влијанието на средоземната клима во ова подрачје. Гевгелиско - Валандовската Котлина достигнува должина до 30 км, а широчина од 6 до 7 км. Од левата страна на реката Вардар се наоѓа една помала котлина, наречена Бојмија или Боемија, односно Валандовската Котлина. На исток и запад, по должината на реката Вардар, се наоѓа поголемата, Гевгелиска Котлина. Од левата страна на Гевгелиската Котлина се наоѓа плодното Богданско Поле, а западно од Валандовската Котлина, одделено со реката Вардар, се наоѓа малото Миравчко Поле.

## 1.5.2 РЕЉЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Природната целина на Гевгелиската котлина се протега од северната и јужната страна на македонско – грчката граница. Рељефот е издробен на бројни ридови, чуки и тумби меѓу кои се широките и плитки долини кои гравитираат кон југ. Најниска кота на реката Вардар, кај државната граница, е 45 м.н.в, а највисоката 88 м.н.в. Релативната височина помеѓу овие точки изнесува 43 метри на исправена должина од 26км.

Во јужниот дел на Република Македонија, на потегот од Демир Капија до Гевгелија, кој е познат како Повардарие, десно од течението на реката Вардар, се издигнува планинскиот масив Кожуф. Највисоките делови на оваа планина достигнуваат над 2.100 м н.в., а највисок е врвот Зелен Брег со 2.165 м н.в.. Во непосредна близина на Гевгелија се наоѓа најниската точка во Републиката и таа изнесува 42 м н.в.

Општина Гевгелија, според микрорелјефот, е рамничарска, падинска, ридска и планинска територија. Во просторот на општината како посебни целини се издвојуваат следните наменски содржини:

- Шуми со површина од 28.350 ха
- Пасишта со површина од 2.652 ха и
- Обработлива површина од 7.800 ха.

Градот Гевгелија лежи во рамниот дел на котлината чии природни граници се: од исток реката Вардар, од југ Сува Река, према запад нема природна граница, рамнината продолжува кон Моин, према север Караорман и Мрзенски рид меѓу кои, низ куса долина, поминува регионалниот пат за Негорци.

Има појавата на три осамени ридови (Динќут, Мрзенски и Вардарскиот Рид) чие потекло е најверојатно ерозивно, но не се исклучени и можните тектонски влијанија. Овие ридови на градот му даваат особени пејсажни вредности и го означуваат неговиот идентитет.

Просечната надморска висина на која лежи градот изнесува помеѓу 53 и 60 м.н.в, што значи дека ридовите се воздигнуваат за по 50 до 100 м од рамницата.

## 1.5.3 ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Разновидноста на геолошките, рељефните и вегетациските прилики, а посебно влијанието на човекот и на климатските услови дозволуваат да се сретнат повеќе видови на почви.

Територијата на општината се одликува со богатство на различни карпести маси, што значи дека инжинерско – геолошките карактеристики се доста различни и во зависност од литолошкиот состав на стената, тектонската оштетеност и свежина.

Геолошкиот состав е разноврсен и богат така што овозможува експлоатација на минералното благо. Во прв ред, тука се неметалните појави, нарочно на украсен камен во кој спаѓаат: ортофирите, варолатите, мермерите, гранитот, габровите и анфиолитите.

Општина Гевгелија го зазема Долното Повардарие односно Гевгелиската котлина. Просторот се одликува со просторни површини од ридско рамничарските терени, кои се издигаат до околу 600 м.н.в, на кои се развиваат полувијално – делувијални и циментно кафеави почви и планинско подрачје, од

600 – 2000 м.н.в, на кои доминираат кисело – кафеави почви. Во геолошки поглед терените се изградени претежно од габро и дијабаз, а делумно од гранити и карбонати.

## 1.5.4 ХИДРОГРАФСКИ И ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Гевгелија припаѓа на Водостопанското подрачје (ВП) "Долен Вардар", кое го опфаќа сливот на долниот тек на реката Вардар од водомерниот профил "Демир Капија" до границата со Р.Грција.

Подземните води формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на В.П "Долен Вардар" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Смоквица - Негорци - Гевгелија. Геотермалиите води традиционално се користат за банско лекување, но во Гевгелискиот регион се користат и за топлинска енергија.

За подобрување на режимот на водите по количина, квалитет и време, односно за целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, акумулациите претставуваат клучни објекти во водостопанската инфраструктура. Во ВП "Долен Вардар" изградена е акумулацијата Паљурци на река Луда Мара со корисен волумен од 2,8х10лм3. Во идниот период се предвидува изградба на акумулациите Конско на Конска Река, акумулациите Градец, Милетково, Гавато и Гевгелија на реката Вардар. Основна намена на акумулациите е обезбедување на вода за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија, подобрување на режимот на малите води со наменско испуштање на чиста вода во периоди на малуводие.

Градот со вода се снабдува од подземни води со зафаќање на два локалитети и тоа во градското подрачје: бунарот во кругот на фабриката "Зора" и бунарите во близина на автопатот, односно реката Вардар. Двата постоечки бунари се со капацитет од: Б1=20 л./сек и Б2 = 90 л./сек. Водоснабдувањето во општината, тестирано според националните стандарди, се врши од две главни бунарски подрачја: бунарското подрачје Моин, кое обезбедува 80% од потребите, и изворите во близина на реката Вардар.

Јавното комунално претпријатие „Комуналец“, основано од страна на општината е одговорно за водоснабдувањето во општината. Технолошките и санитарните потреби на индустријата се задоволуваат од водоснабдителниот систем во кој е вклучен и бунарот кај фабриката "Зора".

Со планскиот концепт за водоснабдување на планираниот простор се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна водоводна мрежа изведена од цевки со минимален пречник од 150мм поставена во коридорот на новопланираните улици.

## 1.5.5 ВЕГЕТАЦИСКИ И ПЕЈЗАЖНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Делницата Гевгелија - Кожуф е единствен пример во светот каде што на кратко растојание од 37 километри имате комплетна ботаничка градина со сите растителни вариетети. Градината почнува со медитеранските растенија во Гевгелија, а по патот покрај Конска Река се забележува ендемичниот вид растение – гол човек (arbutus andrachne), единствено зимзелено дрво што двапати годишно ја менува својата црвенкава и лушпеста кора. Планината изобилува со шуми измешани од букови и елови дрва и со огромен воден потенцијал од која извираат многубројни реки.

Како резултат на големата висинска разлика, на влијанието на климата, почвата и вегетацијата во Гевгелија и околината се среќаваат скоро сите климатско – вегетациско - почвени региони (зони) кои се застапени во Република Македонија. Местоположбата на Гевгелија на само шеесетина километри од Егејско Море, придонесува за модифицирано влијание на медитеранската клима, која овозможила да се развиваат растенија својствени за типичниот Медитеран, па дури и некои тропски и суптропски видови. Под влијание на медитеранската клима во Општина Гевгелија се јавува оваа ксеротермална заедница на прнарот, во која земаат учество бројни медитерански видови. Во вертикален поглед, над прнарот се јавува дабот благун, а над него шумата ја претставуваат три појаси на букови шуми, познати како подгорски, горски и субалпски, а во нив е присутна и елата. Пејсажот по долината на Вардар е типично аграрен, во кој можат да се издвојат просторни и пејсажни вредности кои внесуваат мир и питомост на пејсажот.

## 1.5.6 ПРИРОДНИ РЕСУРСИ

Природната целина на Гевгелиската котлина се протега од северната и јужната страна на македонско – грчката граница. Рељефот е издробен на бројни ридови, чуки и тумби меѓу кои се широките и плитки долини кои гравитираат кон југ. Најниска кота на реката Вардар, кај државната граница, е 45 м.н.в, а највисоката 88 м.н.в. Релативната височина помеѓу овие точки изнесува 43 метри на исправена должина од 26км.

Во просторот на општината како посебни целини се издвојуваат следните наменски содржини:

- Шуми со површина од 28.350 ха
- Пасишта со површина од 2.652 ха и
- Обработлива површина од 7.800 ха.

Во јужниот дел на Република Македонија, на потегот од Демир Капија до Гевгелија, кој е познат како Долно Повардарие, десно од течението на реката Вардар, се издигнува планинскиот масив Кожуф. Највисоките делови на оваа планина достигнуваат над 2.100 м н.в., а највисок е врвот Зелен Брег, со 2.165 м н.в.

Кожуф изобилува со огромен воден потенцијал од која извираат многубројни реки. За планинарите и љубители на планината реката Дошница е една од најубавите и најчисти реки во Македонија. Од изворот под Зелен Брег до вливот во Вардар нема никаков индустриски објект кој ја загадува. Таа е најчистата река во која опстојуват пастрмката, кленот, ракот и други.

Термоминералните води во Негорските бањи и локалитетот Смоквица се одликуваат со низа квалитети: издашност, температура и состав на водите како поволни индикации за лекување на разни заболувања. Во Негорската бања постојат два природни хипертермални извори, со температури од 41°C и 36°C, како и термоминерално блатиште со температура од 400°C.

На Кожуф постојат и два извора на минерална вода. Изворите кај Смрдлива Вода се наоѓаат на оддалеченост од 24км од Гевгелија, на надморска височина од 850 метри, а под врвот Момина Чука може се наоѓаат уште 33 извора на чудотворна планинска вода.

Локалитетот е познат по минералната вода и нејзината лековитост за стомачни заболувања и заболувања на желудникот и на бубрезите. Пределот нуди рекреација, чист воздух и посетеност во текот на целата година.Во долината на Конска Река се јавуваат минерални извори кај Смрдлива вода

со издашност од 0.2 л/с, температура 110°C и Кисела Вода со издашност од 1 л/с и температура од 4°C.

Како резултат на бурната вулканска активност во блиското геолошко минато на Кожуф, се бројните ретки минерали на западната планинска страна. Најголемата мистерија на Кожуф претставува најголемото наоѓалиште на талиумови минерали во светот – рудникот Алшар. Рудникот Алшар е познат во светски рамки по појавите на талиум, посебно минералот лорандит – еден од најретките минерали во светот. Лорандитот се користи во научни цели за детектираање на неверојатно ситни честички т.н. неутрини кои доаѓаат од Сонцето и укажуваат на тоа што се случува во неговата внатрешност.

### 1.5.7 СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Теренот на Гевгелиската општина му припаѓа на просторот на Вардарската зона која се одликува со повремена сеизмичка активност. Сеизмичката динамика на овој епицентрален предел се базира на неговиот тектонски склоп. Во основни потези тој склоп е многу едноставен. Меѓу хорстовите од стари маси (кристалести шкрилци од И група) во облик на своевиден тектонски ров, стеснета е Вардарската зона. Главните нејзини хорстови, од исток се блоковите на Родопската маса, а од запад блоковите на Пелагониската маса. Всушност пред формирањето на Вардарската зона, двете маси представувале една целина – Родопски масив.

Со распаѓањето на овој масив, некои делови (блокови) помеѓу раседите се одвојувале, додека некои делови (блокови) помеѓу нив потонувале и биле засипувани со помлади творевини, создавајќи на тој начин тектонски депресии или ровови. Таков ров претставува и Вардарската зона. Рововите се подложни на разновидни притисоци и оттука на нив се применети разни движења кои повремено се манифестираат со сеизмички појави (земјотреси), од различен тип и интензитет. Најсилните до сега забележани трусни катастрофи на ова подрачје настанале во 1931 година. По оваа трусна катастофа периодот е релативно мирен, со исклучок на 21.12.1990 година, кога се случи силен земјотрес со магнитуда од МЛ=5.6 по Рихтер, со епицентар 25 км јужно од Гевгелија.

## 1.6 ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Податоци за создадените чинители треба да бидат релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој, како што се: архитектонско-градежните, демографските, станбените, економските, социјалните, културните, здравствените, образовните и спортско - рекреативните чинители, како и податоците за заштитеното културно наследство, податоци за урбано зеленило од зелениот катастар, податоци за вид и степен на загадување на животната средина, водостопанските, електроенергетските, сообраќајните, телекомуникациските, другите инфраструктури и други податоци од значење за создадените чинители.

### 1.6.1 ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ

Гевгелија се наоѓа во Гевгелиско-Валандовската Котлина, на 41° 8’ и 41° 25’ северна географска ширина и 22° 20’ и 22° 35’ источна географска должина. Таа го зафаќа најјужниот дел на Република Македонија, од двете страни на реката Вардар. Целокупната површина на која се простира Општина

Гевгелија е 485 км$^2$. Според апсолутната надморска височина, Општина Гевгелија е една од најниските општини во Република Македонија со 64 м н.д.

Во Општина Гевгелија се застапени патниот и железничкиот сообраќај. Низ територијата на општината минува автопатот Е75 (Европски коридор 10) кој ги поврзува Средна Европа со Грција и Мала Азија. Должината на овој пат во територијата на општината изнесува 30 км, од кои 10 км се нов модерен автопат, а останатите 20 км треба да се модернизираат.

Во општината постојат и регионални патишта:

- Р-111 ја поврзува Гевгелија со Богданци за Нов Дојран, Стар Дојран до преминот преку македонско - грчката граница;
- Р-604 за Валандово, односно Струмица, Радовиш и Гевгелија и
- Р-112 од Гевгелија преку Моин и Конско до Смрдлива Вода

Најголем процент од површините во градот му припаѓа на домувањето, од каде поголем дел е индивидуално домување во станбени куќи, а по линија на сообраќајниците предвидени со генералниот урбанистички план се јавуваат мешани намени на домување, комерцијални и деловни намени. Во источниот дел од градот земјиштето е наменето за индустриски објекти кои се јавуваат и како површини во северниот дел од градот, измешани со површини за домување и зелени зони на заштитно и парковско зеленило.

### 1.6.2 АРХИТЕКТОНСКО - ГРАДЕЖНИ ЧИНИТЕЛИ

Површината во границата на планскиот опфат е дел од Блок 15, односно Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16. Таа е дефинирана по осовината на уличната мрежа според Регулациски план на Генерален урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021, за блок 15, Општина Гевгелија (Плански период 2020-2021) (Одлука бр. 09-762/1 од 30.04.2020год.).

